РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец јануари 2020

Февруари, 2020

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 4

Реализација на буџет ..... 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец јануари 2020 година примени се 45 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 2 барања, објавени се 49 огласи, за вкупно 169 работни места за вкупно 174 извршители. За институциите од централната власт објавени се 32 јавни огласи за 89 работни места со 92 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 17 јавни огласи за 80 работни места со 82 извршители. На објавените огласи пријавени се 1627 кандидати, од кои 1154 кандидати на огласи за институциите од централна власт, а 473 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 45 | 2 | 49 | | 32 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 17 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 169 | | 13 | 61 | 15 | 89 | | 10 | 51 | 19 | 80 |
| Извршители | | | 174 | | 10 | 63 | 19 | 92 | | 10 | 52 | 20 | 82 |
| Број на пријавени кандидати | | | 1627 | | 107 | 946 | 101 | 1154 | | 35 | 363 | 75 | 473 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 103 | 60 | 26 | 158 | 27 | 245 | 43 | 8 | 65 | 19 | 92 |

*Табела 1. Јавни огласи јануари 2020*

Во истиот период јануари 2020 година спроведени се 124 административни селекции за пријавени 3204 кандидати, спроведени се 121 испити на кои што се поканети 1202 кандидати, од кои полагале 544 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 112 огласи за 784 кандидати. Интервју е спроведено на 112 огласи со вкупно 495 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 112 огласи и предлог за избор на 421 кандидати, а од 103 спроведени огласи објавени се вкупно 337 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 124 | 3204 | 121 | 1202 | 544 | 112 | 784 | 112 | 495 | 112 | 421 | 103 | 337 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи јануари 2020*

Во Агенцијата за администрација во месец јануари 2020 година примени се 21 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, запрено е 1 барање, објавени се 21 огласи, за вкупно 112 работни места за 122 извршители. За институциите од централната власт објавени се 7 интерни огласи за 103 работни места со 113 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 14 интерни огласи за 9 работни места со 9 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 21 | 1 | 21 | | 7 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 14 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 112 | | 20 | 56 | 27 | 103 | | 7 | 5 | / | 9 |
| Извршители | | | 122 | | 22 | 60 | 31 | 113 | | 7 | 5 | / | 9 |

*Табела 3. Интерни огласи јануари 2020*

# Испит за административно управување

Во текот на месец јануари 2020 година спроведени се 6 испити за административно управување на кои се пријавиле 145 кандидати. Од нив на испитот се појавија 103 кандидати од кои испитот го положиле 81 кандидати (79%), а не го положиле 22 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени, 84 се вработени во јавен сектор, 6 во приватен сектор, додека 13 од пријавените кандидати биле невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | 145 | 103 | 81 | 22 | 84 | 6 | 13 |

*Табела 4. Административно управување јануари 2020*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец јануари 2020 година, беа поднесени 73 жалби, од кои 61 се од државни и 12 се од јавни службеници.

Во тековниот месец беа одржани 8 седници во просториите на Агенција за администрација. Изработени се 8 записници по одржаните седници. Обработени се вкупно 107 жалби. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 39 предмети поднесени во месец јануари 2020 година преминуваат во месец февруари 2020 година.

Од вкупниот број на обработените жалби и приговори за месец јануари 2020 година од државните службеници, уважени 32, одбиени 38, отфрлени како недозволени 9, Комисијата се огласила за ненадлежна за 8 жалби и 3 жалби се повлечени од подносителите.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници, уважена е 1 жалба, одбиени 8, мериторно уважени 3, отфрлени како недозволени 4 и за 1 жалба Комисијата се огласила за ненадлежна.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 61 | 12 | 90 | 17 | 32 | 1 | 38 | 8 | 9 | 4 | / | / | 3 | / | 8 | 1 | / | 3 | / | / | 1 | / |

*Табела 5. Обработени жалби во јанури 2020*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец јануари 2020 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 28 предмети од кои 11 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 17 предмет се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, граѓани и други, и тоа: Народен правобранител (2); Влада на Република Северна Македонија (1); Министерство за финансии (1); Министерство за образование и наука (1); Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (1); Управа за јавни приходи (1); Управа за финансиска полиција (1); Општина Струга (1); ЈЗУ „Здравствен дом“- Куманово (1); административни службеници (3) и граѓани (4).

Директорот на Агенцијата за администрација, Спасе Глигоров, на барање на дополнителниот заменик министер за информатичко општество и администрација, Невенка Стаменковска- Стојковски, на ден 29.01.2020 година оствари работна средба во просториите на Агенцијата. На средбата присуствуваа и заменикот на директорот, Агрон Сефери и генералниот секретар на Агенцијата, Миланчо Успрцов.

Вработени од Агенцијата во текот на месец јануари 2020 година присуствуваа на обука на тема:

- „Новиот закон за инспекциски надзор и подзаконски акти“, одржана на 23.01.2020 година, Центар за обуки Академик-Скопје.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се 78 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 61 е одговорено, а за 17 електронски пораки во тек е подготовката на одговорите или не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец јануари 2020 година, донесени се 2 одлуки за јавни набавки и објавени се 2 огласи на ЕСЈН.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 2 | 2 | / | / |

*Табела 6. Јавни набавки јануари 2020*

# Реализација на буџет

Во месец јануари 2020 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2020 година | Реализација на буџетот до 31.01.2020 | Реализација на буџетот од 01.01.2020 – 31.01.2020 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2020 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 24.375.000,00 | 1.850.607,00 | 1.850.607,00 | 22.524.393,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 9.015.000,00 | 701.958,00 | 701.958,00 | 8.313.042,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 200.000,00 | 15.000,00 | 15.000,00 | 185.000,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.350.000,00 | 238.507,00 | 238.507,00 | 2.111.493,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 450.000,00 | 31.860,00 | 31.860,00 | 418.140,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.500.000,00 | 174.035,00 | 174.035,00 | 2.325.965,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.354.000,00 | 122.199,00 | 122.199,00 | 1.231.801,00 |
| **426-други тековни расходи** | 560.000,00 | 38.777,00 | 38.777,00 | 521.223,00 |
| **464-разни трансфери** | 155.000,00 | 0 | 0 | 155.000,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 500.000,00 | 0 | 0 | 500.000,00 |
| **483-купување на мебел** | 50.000,00 | 0 | 0 | 50.000,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 3.200.000,00 | 0 | 0 | 3.200.000,00 |
| 486-купување на возила | 800.000,00 | 0 | 0 | 800.000,00 |
| ВКУПНО | 45.509.000,00 | 3.172.943,00 | 3.172.943,00 | 42.336.057,00 |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*